Влада на Република Северна Македонија
Генераленсекретаријат

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

Арх. број/ Num. ark.: 46-5953/1
Датум/Data: 12.7. 2022

До
Министерството за информатичко општество и администрација
Бул. Св . Кирил и Методиј број 54, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет:Полугодишен извештај за претставки и предлози, за период од 1 јануари до 30 јуни 2022 година

Почитувани,

Согласно член 19 став (2) од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08, 13/13, 156/2015 и 193/2015), го доставуваме полугодишниот извештај за претставки и предлози, со евидентирани претставки/предлози за период од 1.1.2022 до 30.6.2022 година.

Во извештајот се евидентирани вкупно 94 претставки и предлози, според следните критериуми на разликување:

Согласно форма на поднесување: Од аспект на формата во која се доставени, 82 претставки и предлози се поднесени во писмена форма, а 12 претставки се електронски поднесени. Во наведениот период не биле поднесени усни претставки.

Согласно подносители на претставките и предлозите: Од вкупниот број на претставки и предлози, 77 претставки и предлози се поднесени од физички лица, шест претставки и предлози од правни лица, три претставки поднесени од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.) и осум анонимни.

Според начинот на постапување (директно одговорени, проследување на надлежен орган, на друг начин е постапено со предметите) на претставките и предлозите: Генералниот секретаријат постапи директно по шест претставки или предлози, на надлежност и постапување на надлежните органи препрати вкупно 78 претставки и предлози, седум претставки и предлози беа одговорени на друг начин (странката не ја допрецизирала претставката, а е побарано да ја допрецизира, ја повлекла претставката/предлогот, не е јасна содржината, нема законска основа за постапување, има мислење на други институции), три претставки/предлози се проследени/одговорени по иницијатива на Народниот правобранител, односно се испратени на надлежни државни институции.

Преглед на постапување по претставките и предлозите по области:

1. Од областа на имотно правните односи, управата и судството, евидентирани се вкупно 47 претставки или предлози, две од нив се од претходен извештаен период. 44 се поднесени во писмена форма и три во електронска; 43 се поднесени од физички лица, две анонимни и две од правно лице; 41 претставка или предлог се препратени на надлежност до надлежните органи, четири се решени на друг начин, една е одговорена по иницијатива на Народен правобранител и една директно одговорена од Генералниот секретаријат.

2. Од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената, социјалната и детската заштита, евидентирани се седум (една од претходниот извештаен период) претставки и предлози; седум се поднесени од физички лица, пет во писмена форма; две преку електронски пат; шест претставки/предлози се препратени на надлежност, додека една претставка е одговорена од Генералниот секретаријат.

3. Од областа на станбено комуналните работи, урбанизмот, градежништвото, сообраќајот и животната средина се поднесени 13 претставки (три од претходен извештаен период). 11 во писмена форма и две електронски; седум од физички лица, пет анонимни, една од правно лице; со една е постапено на друг начин и 12 претставки се препратени на надлежност на надлежните институции.

4. Од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос, евидентирани се вкупно шест претставки или предлози, од кои сите се писмено поднесени (една е пренесена од претходен извештаен период), пет се од физичко лице, а една поднесена од правно лице; три претставки се препратени на надлежни институции, две се одговорени од Генерален секретаријат и една решена по иницијатива на Народен правобранител .

5. Од останатите области евидентирани се вкупно 21 претставка или предлог (три се од претходен извештаен период), од кои 16 се писмено поднесени додека пет преку електронски пат; 15 од физички лица, две од правни лица и три претставки се поднесени од други, во кои спаѓаат група на повеќе лица, застапници и сл.; една е анонимна; една претставка решена е по иницијатива на Народен правобранител, четири се решени на друг начин, 15 се препратени на надлежност до државни институции и една е директно одговорена од Генерален секретаријат.

Искрено,

м-р Методија Димовски

генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

## ИЗВЕШТАЈ

за податоците коишто се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот 1.1-30.6.2022 година

| Број на примени претставки и предлози | | | Област | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | Број на претставки и предлози по кои не е постапено | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени | Пренесени | Вкупно | | Усно | Писмено | Електронски | Физички лица | Правно лице | Други | Анонимни | Постапено | Непостапено | Постапката е во тек | Препратени на надлежност | Постапено по иниијатива на МП | Постапено по иницијатива наНП | На друг начин | Во законски пропишаниот рок | По истекот на рокот | Рокот за постапувањеизминал | Рокот за постапувањетече | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 45 | 2 | 47 | Имотно правни односи, управа и судство | - | 44 | 3 | 43 | 2 | | 2 | 1 | | | 41 | | 1 | 4 | - | - | - | - | - |
| 6 | 1 | 7 | Пензиско-инвалидско осигурување, здравствена социјална и детска заштита | - | 5 | 2 | 7 | | | | 1 | | | 6 | | | | - | - | - | - | - |
| 10 | 3 | 13 | Станбено-комунални работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина | - | 11 | 2 | 7 | 1 | | 5 | | | | 12 | | | 1 | - | - | - | - | - |
| 5 | 1 | 6 | Образование, вработување и права од работен однос | - | 6 | | 5 | 1 | | | 2 | | | 3 | | 1 | | - | - | - | - | - |
| 17 | 3 | 21 | останато | | 16 | 5 | 15 | 2 | 3 | 1 | 1 | | | 15 | | 1 | 4 | - | - | - | - | - |
| 84 | 10 | 94 | Вкупно: | - | 82 | 12 | 77 | 6 | 3 | 8 | 5 | | | 77 | | 3 | 9 | - | | | 0 | - |